Република Северна Македонија
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
ул. "Сандо Масев" бр.1 2400 Струмица, Северна Македонија
подцентрала: 348-026, факс 320-544
www.strumica.gov.mk gradonacalnik@strumica.gov.mk

Врз основа на член 62, став 10, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20, 111/23), Градоначалникот на општина Струмица, објавува

**СООПШТЕНИЕ**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД**

Се организира јавен увид на Измена и дополнување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на проектен опфат на КП 387 и други КО ГРАДСКО БАЛДОВЦИ, Општина Струмица (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со инсталирана моќност до 4 MW ).

Со овој Урбанистички проект се опфаќа простор со површина од 35170,44м$^2$. Просторот на планскиот опфат ги зафаќа: КП 1492; КП 378; КП 379; КП 380; КП 381; КП 382; и КП 387 КО ГРАДСКО БАЛДОВЦИ.

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавниот увид ќе трае (15дена) од 29.02.2024 година до 15.03.2024 година.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со Урбанистичкиот проект можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Бр.03-1435/2
29.02.2024 год.
Струмица

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СТРУМИЦА